Веселинка Лаброска
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“,
Скопје, Македонија
labroska@freemail.com.mk

# СРПСКИ ЈАЗИК

Под поимот сегашност подразбираме сè она што се случува или трае во моментот на говорниот акт, односно во моментот на зборување. Притоа логично е дека најчесто дејството (или состојбата) не е моментно, туку започнало да се одвива во минатото и сè уште се одвива (или трае) во моментот на говорење. Затоа изразувањето на сегашноста има допирни точки со минатото (непосредниот минат момент или некој подолг минат временски отсек, тоа зависи од семантиката на глаголот) и како што ќе видиме, во некои ситуации сегашноста може да се изрази со глаголски форми чија примарна функција е да изразуваат минато дејство. Дејството што се одвива сега и што по природата на нештата е подолготраен процес, логично е дека ќе продолжи и во иднина, но во тоа никогаш не можеме да бидеме сигурни, зашто може да се случи нешто што би го прекинало дејството (или состојбата). Ваквите претпоставки за идното дејство (или состојба) влегуваат во рамките на нефактивноста која не е предмет на анализа во нашиов реферат.

Сега ќе ги разгледаме начините на изразување на сегашноста во српскиот јазик. Српскиот јазик како дел од големото словенско јазично семејство генерално ги зачувал граматичките средства за изразување на сегашност што биле карактеристични и за прасловенскиот јазик, а тоа се презентските форми од сите глаголи и перфективни и имперфективни, како и перфектот којшто и во стариот јазик имал допирни точки со сегашноста, а во српскиот јазик има и денес.

## Актуелно сегашно време

Глаголското дејство што се одвива во моментот на зборување, или процесот, состојбата што трае во време на говорниот чин, се изразува самo со презентските форми од имперфективните глаголи (види додаток: 1.):

1) *На дрвећу треперипожутело лишће.*
2) *Тражим своју родбину.*
3) *Ради се о идеји конкуренције програма и људи.*
4) *Ето сад знате све.* (конкретна временска определба со помош на прилогот *сад*)

Сегашна компонента во пасивот: Изразување на актуелна сегашност е можна само кај пасивните конструкции со повратната заменка, се разбира од транзитивни глаголи. Примери:

5) *Наиме, у Београду се одржавају два конгреса, три скупштине и четири конференције.*
6) *У Рјечнику хрватскога или српског језика ... погрешно се овај пример наводи.* (Танасић, 1996: 140).

Конструкцијата од сегашното време на глаголот *бити* + *трпни придев* којашто во српскиот јазик се нарекува перфект пасив (види додаток: 2.1.), е способна да изрази резултат видлив во моментот на зборување како што е во примерот наведен подолу:

7) *Врхови планина обасјани су јутарњим сунцем.*

Како што се гледа од наведениов пример, доколку во моментот на говорење се искаже ваква реченица, тогаш со таа реченица се констатира некаква состојба (или некаков резултат на претходно извршено дејство) која во актуелниот момент е видлива и ние ја констатираме со пасивната конструкција. Оттука, изразувањето на резултативноста во сегашноста е можно и со оваа пасивна конструкција како и со други глаголски форми за изразување на минатост (види перфект и аорист во транспозиција, стр.5).

**Неактуелно сегашно време**

Во српскиот јазик со презентот и од имперфективни и од перфективни глаголи (види додаток: 1.) се изразуваат дејства кои не се референцијални спрема моментот на зборување, но нивното остварување/оствареност се врзува за поимот сегашност. Во оваа група на неактуелно сегашно време спаѓаат глаголските форми што изразуваат повторливост и глаголските форми што изразуваат омнитемпоралност, односно пословици, поговорки, природни закони или општоважечки вистини.

-Повторливост: Се работи за дејство изразено со презентската форма на глаголите, дејство што се повторува во одредени временски одсеци на временската оска, вклучувајќи ја и сегашноста. Фактот дали некое од таа серија на дејства (или настани) изразени со презентската форма на глаголот се одвива токму во моментот на зборување е ирелевантен. Примери:

8) *Иде ли воз до тог места?*

9) *Фразама се купују и положаји и привилегије.*

10) *Од великог терета чамац потоне до саме таласњаче.*

11) *Вера радо прихвати сваки задатак и изврши га на вријеме.*

12) *Често се свађа с Миланом.*

13) *Сваки дан се шали с њом.*

Како што се гледа од примерите 10) и 11) итеративноста во српскиот јазик може да се изрази и со перфективни глаголи. За да се разбере дека се работи за итеративност, најчесто е битен контекстот или некоја определба во реченицата која ќе го потенцира фактот дека дејството е итеративно.

Во српскиот јазик итеративни сегашни дејства се изразуваат и со пасивните конструкции. Прво ќе дадеме пример за рефлексивната пасивна конструкција во ваква употреба. Пример:

14) *Ово се питање све чешће и све озбиљније поставља и на најзначајнијим мјестима.*

Оваа рефлексивна конструкција со пасивно значење е често употребувана во српскиот јазик, иако во многу случаи, ако не е јасен контекстот, може да доведе до двозначност како во следниов пример:

15) *Бивши чланови погрешно се а приори идентификују са непријатељски настројеним појединцима.*

Во даденава реченица имаме пример на дејство изразено со рефлексивна конструкција, но од самата реченица не е многу јасно дали ´бившите членови некој друг погрешно ги идентификува´ или ´сами така се идентификуваат´ (односно дали е пасив или актив). Затоа, во вакви реченици со пациенс што е живо суштество, за да

се избегне двозначноста, се употребуваат конструкциите со *бива+ трпни придев* која е покажана подолу во текстот.

Кај пасивните конструкции со глаголот *сум* и глаголската придавка од транзитивни глаголи, можни се два начина на изразување на неактуелна сегашност. Едниот тип се пасивните конструкции со *бива + трпни глаголски придев*, а другиот тип се конструкциите со *буде + трпни глаголски придев*. Примери:

16) *Бивши чланови погрешно а приори бивају идентификовани са непријатељски настројеним појединцима.*

17) *Међу овцама увек ован буде одликован.* (Танасић, 1996: 144-145).

Овие две конструкции во функција на искажување на неактуелна сегашност главно се еднозначни. Притоа, првата (*бива + трпни придев*) заради својата стабилна еднозначност се употребува сѐ почесто во некои стилови како што се журналистичкиот и посебно, научниот. Втората конструкција *буде + трпни придев* во некои трудови се третира како облик на футурот втори, а како пасивна конструкција се користи и за изразување на футурско значење.

-Омнитемпоралност: Со формите за презент и од перфективни и од имперфективни глаголи (види додаток: 1.) се искажуваат пораки типични за пословици, поговорки, или пак се изразуваат апсолутни вистини, закономерности во природата и сл.

18) *Поклону се не гледа у зубе.*

19) *Љети сунце излази раније.*

20) *Рука руку пере.*

21) *Вода све опере до црн образ.*

22) *Један и један су два.*

Од примерите 20) и 21) се гледа дека во иста, пословична функција може да се јави и имперфективниот и перфективниот глагол. И во функцијата на итеративност како и во функцијата на омнитемпоралност, презентските форми значат исто, го изразуваат само глаголскиот вид, перфективен или имперфективен, односно означуваат или трајност или свршеност на глаголското дејство. Самата повторливост или омнитемпоралност се открива од семантиката на глаголот и од контекстот (Белић, 1926-27: 111).

**Транспозиција на други глаголски форми за изразување сегашност**

Во српскиот јазик со императивни форми, исто како и во македонскиот јазик (Конески 1981: 418) се изразуваат итеративни (повторливи) дејства:

23) *Нека ваш Цека, то јест неко из Цека само нареди: "Летак растурити! Хиљаду комада!" Добро. Ви се избезумљено разјурите, па као кртице: риј, буши, сатири се, хартију набављај, машину укради, дигни циклостил. Штампај!...*(Симић, 145).

При употребата на императивните форми за изразување на повторливи дејства, со императивот само се именува глаголското дејство коешто се повторува, а лицето и времето на реализација на дадените дејства се разбираат од контекстот.

Сегашна компонента во перфект, ситуација што ја има и во македонскиот јазик. Се констатира некаква состојба што е актуелна и видлива во моментот на зборување, или резултатот од некое дејство:

24) *Мама, пао сам, помогни ми да устанем*!

25) *Па ти си порастао велики*! (адмиратив) (= *Па ти си тако велики!*)

26) *Ево види, написао сам домаћи задатак.*

27) *Донео си свега и свачега, алал ти вера!*
28) *На падинама Јухора расула се села.* (Симић 2002: 130)
29) *У необично складном рељефу његова лица сместила се два светлуцава горска извора очију.* (Симић 2002: 130)

За разлика од словенските јазици каде што се изгубиле простите претеритални времиња, па формите на перфектот станале претеритално време, во српскиот јазик чувањето на аористот и имперфектот овозможува да се разликуваат сѐ уште старите перфектни значења во глаголските форми конструирани со помошниот глагол *сум* и стариот втор активен партиципна претеритот (односно според српската терминологија *радни глаголски придев)*. Како што се гледа од примерите, во функција на резултатив се јавуваат перфектни форми од перфективни глаголи. Според Белиќ (Белиќ 1926: 122) во сите форми на перфектот, било да се од перфективни или од имперфективни глаголи, се чувствува врската со сегашноста, ако се работи за перфект употребен во моментот на зборување. Пример:
30) *Читао сам ту књигу.*

Овој пример може да значи дека во моментот некој ни го соопштува резултатот од некое претходно дејство. Меѓутоа, факт е дека во српскиот јазик сѐ помалку и помалку се употребуваат аористот и имперфектот, па перфектот преземајќи ги и нивните функции сѐ повеќе станува универзално минато време, а резултативноста може да се открие само од контекстот. Многу е веројатно дека помладите генерации српски говорители не ја чувствуваат веќе резултативноста на тој начин како што ја опишува Белиќ.

Резултатот од претходно извршеното дејство може да се констатира во моментот на говорење и со формите на аорист, слично како и во македонскиот јазик:
31) *Пријатељу, паде ти једно дрво с кола.* (Стевановић, 1983: 399),
32) *Друже, падоше ти наочари.*
33) *Ми смо досад много шта доживјели, али овога покора не видјесмо.* (Симић, 2002: 140).

Српските класични граматики прават разлика меѓу употребата на аористот и перфектот во вакви реченици поради следново: со формата на аорист се става акцентот на минатоста на самото дејство, а со формата на перфектот акцентот е на резултатот од тоа минато дејство. Денес, поради ретката употреба на аористот во современиот српски јазик, ваквите значенски нијанси се разнишани, па мој личен став е дека и аористот и перфектот, во дадена ситуација и контекст, можат рамноправно да изразуваат резултативност.

Кога сме кај перфектот мора да нагласиме уште една негова функција во рамките на категоријата начин, а тоа е изразување на статусот. Српскиот перфект, наоѓајќи се на балканска почва, делумно се здобил и со способноста за изразување на нон-конфирматив (дубитатив или со македонска терминологија прекажаност). Еве што вели за дубитативот во македонскиот јазик З. Тополињска: "Разбирливо е дека дубитативната семантика се накалемила токму на семантиката на ´минато неопределено време´. Временската неопределеност, односно непостоењето на временски деиктички параметар, сведувањето на соодветната информација на многу општата определба ´пред моментот на зборувањето´ ја прави оваа формација

најпогодна како појдовна точка на таков тип семантичка деривација". Тополињска истакнува понатаму дека "семантичката инваријанта на дубитативот е нешто како ´не сум сигурен, не гарантирам за вистинитоста на она што го кажувам´" (Тополињска 1995: 245). Ваквиот дубитатив или нон-конфирматив во српскиот јазик, освен со лексички средства (впрочем како и во други јазици) може да се изрази и со перфектот и со таканаречениот ´крњи перфекат´:
34) *Марко није код куће, отишао на службени пут.*
35) *Вера купила ципеле.*

За овие маркирани по начин функции на перфектот во српскиот јазик има пишувано Ирена Грицкат во својата обемна студија за перфектот без помошен глагол (Грицкат : 1954; види библиографија). Грицкат смета дека модалната компонента на недоживеаност, прекажаност, постои во перфектот, главно во третото лице, но според текстовите што таа ги анализира може да се заклучи дека со функција на прекажување еднакво можат да се јават како формите на полниот перфект така и формите на перфектот без помошен глагол (Грицкат 1954: 96). Состојбата во дијалектите пак, сигурно дека трпела влијанија и од окруженоста со другојазични дијалекти, пред сè со македонски и бугарски каде прекажаноста е целосно развиена категорија. Во секој случај, можеме да заклучиме дека прекажаноста како модална категорија не е развиена во српскиот јазик, туку само инцидентно може да биде изразена со некој перфектен облик, било да е полн или без помошен глагол.

Со перфектот, освен неутрално прекажување, можат да се изразат и експресивни содржини на чудење, изненадување, несогласување, неверување и сл. коишто се нарекуваат адмиратив. Некои од примерите што погоре ги наведовме (бр.25 и 27) се со таква функција, а сега ќе наведеме уште еден пример со значење на неверување:
36) *Он саградио кућу! Да видим да не верујем!*

Еве што вели Грицкат за експресивните функции на перфектот, а кои во српскиот јазик најчесто се изразуваат со перфект без помошен глагол: "Ми видимо да се краћи перфекат употребљава тамо где се мисао исказује не хладно, регистраторски, већ са уношењем експресије...Овде говорник уноси свој став, који може да буде у разним примерима различит..." (Грицкат 1954: 48). Според заклучоците до кои доаѓа Грицкат, експресивноста и резултативноста на перфектните форми без помошен глагол се тие што, постоејќи во системот паралелно со неутралните претеритални значења изразени со полн перфект, ги издиференцирале појасно овие форми денес во стандардниот српски јазик во поглед на нивното функционирање и семантика (Грицкат 1954: 206).

Во српскиот јазик во некои ситуации и имперфектот се употребува за изразување актуелна сегашност. Тоа се случува во изолирани прашања, кога говорителот бара одговор за нешто што претходно го знаел, но го заборавил. Затоа ваквата употреба на имперфектот има и модална функција на присетување:
37)*Како се оно зваше твој комшија?*
38)*Како беше његово име?*
Ваква употреба познаваат и другите словенски јазици што зачувале имперфект (сп. во бугарски: Граматика стр.333).

Употреба на потенцијал

Во српскиот јазик со потенцијалот во куртоазно обраќање може да се искаже сегашност, најчесто кај глаголи што изразуваат желба, молба, намера:

39) *Хтела бих вас замолити за један савет!*

**Презентски форми во транспозиција**

- за минатост (историски презент):

40) *Управо од турског похода у августу 1388. обе стране показују више помирљивости.*

41) *Гомила једнаковри и навире око чесме, а ми само пијуцкамо и посматрамо.*

42) *Из кухиње, срећом, допре лупање, и прекине мучни мук. Ана отрчи.* (Танасић, 1996: 147-148, 154).

Кога имаме употреба на презентските форми за изразување на минатост, односно историски презент, тогаш презентските форми укажуваат само на видот на глаголот, перфективните на некое моментно дејство, а имперфективните на долготрајно дејство, додека самата минатост се открива само од контекстот или од некоја конкретна временска определба како што е во првиот пример.

- за идност

- употреба на презентски форми за предвидена идност

43) *Аутобус полази тек ујутро.* - Можно е само од имперфективни глаголи. Мора да нагласиме дека ваквата транспозиција на презентски форми за изразување на идност се врши само од глаголи кои изразуваат дејство или состојба што може да се планира и затоа во граматиките се нарекува уште и **презент за предвидена идност**. На пример, може да се каже денес (порано не можело кога не постоеле временски прогнози) *Сутра пада снег,* но никако не може да се каже *Сутра ме боли глава.* Кај ваквите реченици (со презент за предвидена идност) ако сакаме да ги ставиме во футур, најчесто доаѓа до менување на видот на глаголот во перфективен: *Аутобус ће поћи тек ујутро.*

- употреба на презентски форми за замислено идно дејство

44) *Кад се сврши рат, што ћу да се науживам. Узмем чамац, спремим суву храну за неколико дана, удицу за пецање рибе и кренем низ Мораву...* (носи и повторливост во себе, ситуација слична со онаа во македонските дијалекти каде што презентските форми од перфективни глаголи служат за изразување на итеративност).

45) *Чим падне сумрак у котлину засвираћу на двојнице...А Иванка слуша моју пјесму и замишљено седи у дворишту.*

И во двата погоре наведени примера имаме презент за замислено идно дејство кој може да се изрази и од имперфективни и од перфективни глаголи. Еве што вели авторот на монографијата за *Презентот во српскиот јазик* д-р Срето Танасиќ за ваквата употреба: „Имперфективни презент омогућује да се та ситуација смештена у будућност прати у њеном току, а перфективни презент служи да се наша пажња помјера с једне радње на другу.“(Танасић 1996: 162).

- готовност

Готовноста како посебна модална категорија не е разгледана во српските граматики што имав прилика да ги консултирам. Но значењето на готовност може

да се изрази со презентските форми на имперфективните глаголи исто како и во македонскиот јазик:
46) *Ево йолазим одмах и узимам ше исйред хошела Палас!*
47) *А ја вам кажем, ми йрисшуйамо йослу макар друїи нико и не дошао!*

Второв пример е од Граматиката на М. Стевановиќ кој меѓу повеќето различни примери што ги дава под заеднички наслов ´модални презент´ го дава и овој пример и под него констатира: „Такав презент карактерише и нереализованост радње која се њим означава" (Стевановић 1983: 398). Јас исто така сметам дека презентот за готовност изразува нефактивно дејство односно дејство што говорителот е спремен да го реализира, но сè уште не преминал на неговата реализација.

Во сложените реченици презентските форми на глаголите се употребуваат со различни функции:
48) *Будише неко йре неїо шшо йосшанеше нешшо. (йре неїо шшо ћеше йосшаши нешшо)*- замена на футур I, само презентски форми од перфективни глаголи.
-<u>за синхронизирано дејство во декларативни реченици</u>
49) *Добро сам видео како звијезде ходе.*- истовременост на дејства во минатото
50) *Видећу како звијезде ходе.* - истовременост во идна временска проекција.
- <u>со други модални значења (врзани презентски форми)</u>:
51) *Нека Иван завеже! ; Да йоїледамо сада йисане изворе!*
52) *Дошли смо да изнесемо овај друїи кревеш.* (наместо потенцијал)
Во овие два примера фактички имаме врзани форми, односно презентски форми употребени со партикулите *да* и *нека.*

На крајот ќе заклучиме дека актуелна сегашност која е независна од контекстот може да се изрази само од презентските форми од имперфективните глаголи. Се работи значи за ситуација на употреба на имперфективни глаголски форми во форма на презент во моментот на говорење. При сите други транспозиции на презентските форми, било да се работи на планот на минатото или на планот на иднината, тие го означуваат само својот вид, трајност или свршеност на глаголското дејство. Временската димензија пак се добива од времето на глаголот кој е употребен покрај глаголот во презент или од лексичките определби вградени во исказот.